Фонд за осигурување на депозити
Fondi për sigurimin e depozitave
01-12/1
02.01.2026 год./vit.
Скопје / Shkup

ФОНД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ — FONDI PËR SIGURIMIN E DEPOZITAVE

Врз основа на Политиката за интегритет на Фондот за осигурување на депозити со број 01-12/1 од 02.01.2026 година, директорот на Фондот за осигурување на депозити на ден 02.01.2026 година го донесе следното:

# УПАТСТВО ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со ова Упатство се дефинира судирот на интересот, видови на судир на интереси, прземемње првентивни мерки и други активности за спречување на појавување во Фондот за осигурување на депозити (во понатамошниот текст: Фонд).

Упатството има за цел да даде основни насоки за утврдување и справување со можни случаи на судир на интереси кај вработените во Фондот.

Фондот и вработените во Фондот се обврзуваат дека со своето работење ќе му даваат приоритет на јавниот над приватниот интерес и дек ќе поттикнуваат и развиваат организациска култура која не толерира судир на интереси.

Во Фондот се укажува на сите вработени на обврската, односно должноста вработените да внимаваат да не се стаааат и поттикнуваат судир на интересите и да ги преземат мерки за негово одбегнување согласно законот, а со цел да се овозможи ефискано спречување на судир на интереси.

За таа цел во Фондот се променуваат прописи со кои се утврдени должностите за пријавување на интересите, се укажува на сите вработени да внимаваат да не се стават во судир на интереси и да ги преземат сите мерки за негово одбегување утврдени со закон. За преземање на мерки за надминување на потенцијални слабости односно ризици и го штити својот интегритет.

За да се овозможи ефикасно спречување на судирот на интереси, во ФОД се применуваат прописите [1]со кои се утврдени должностите за пријавување на судир на

---

[1]

1. Закон за Фондот за осигурување на депозити
2. Законот за вработените во јавниот сектор;
3. Закон за административни службеници;
4. Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост;
5. Закон за спречување на корупција и судир на интереси;
6. Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар;
7. Уредба за начинот на располагање со примените подароци, начинот управување со евиденцијата на примените подароци и други прашања во врска со примањето на подароци;
8. Уредба за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци;

интересите: се укажува на должноста вработените да внимаваат да не се стават во состојба на судир на интереси и да ги преземат мерките за негово одбегнување утврдени со закон. Со преземање мерки за спречување судир на интереси, Фондот презема мерки за надминување на потенцијални слабости односно ризици и го штити својот интегритет и углед.

## I.Опфат

Ова упатство за постапување во случај на судир на интереси се однесува на директорот на Фондот, членови на управниот одбор,сите вработени администативни службеници во Фондот, помошно – технички лица, како и на други лица работно ангажирани лица во ФОД ( во понатамошиот текст:службено лице).

## II. Дефиниција за судир на интереси

Под "судир на интерси" се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Под поимот "блиски лица" се подрзабираат лицата во брачна или вонбрачна заедница по службени лице, роднина по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднина по сватоство во втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.

Судирот на интереси може да се јави во следните форми: вистински/фактички, видлив, потенцијален и непотизам.

1. Вистински/фактички судир на интереси вклучува директен судир поемеѓу тековните обврски и одговорности на службено лице и неговните постојани приватни интереси.
2. Видлив судир судир на интереси се однесува на ситуцаии каде што постоиу личен интерес кој што разумно од страната на другите би можело да се смета дека влијае на извршувањето на долѓностите на службеното лие, иако всушност не мора да постои такво несоодветно влијание или воопшто нема влијание.
3. Потенцијален судир на интерес постои кога службеното лице има приватен интерес што би можело да биде во судир со неговата надлежност, должност во иднина.
4. Непотизам како облик на судир на интереси е судир на интереси при вработување на блиски роднина односно вршење на влијание за вработување или унапредување на блиско лице во органот кој лицето е избрано или именуванео како јавен функционер или во друк државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал над кој надзор врши органот вп кој е избрано или именувано лицето, сите вработени/анагажирани лица во институцијата вклучени во процесот.

---

9. Решение за највисоките износи на дневници за службени патувања и селидби во странство, трошоци што на органите на државната управата им се признаваат во тековни трошоци ;
10. Одлука за начинот на користење и висината на износот на средствата за угостителски услуги на територијата на Република Северна Македонија;
11. Кодекс за административни службеници.

Општ принцип во спречување на интересите е обврската за службените лица секогаш да го штитат јавниот интерес и да дејствуваат во корист на јавниот интерес, без оглед на нивните приватни интереси и да дејствуваат во согласност со приниципите на законитост, еднаковост, ефикасност, доверба, независност, јавност, непристрасност, чесност и професионалност.

Службеното лице во Фондот не треба да е мотивирано во извршување на неговите работни задачи и обврски, надлежности од семејни, етнички, верски, политички или други приватни интереси. Тие можат да имаат свои лични ставови, предрасуди у уверувања, но да не ги применуваат односно да се отргнат од нив при вршењето на нивните работни обврски и надлежности.

## III. Должности за спречување судир на интереси

**Внимавање**

Службеното лице во Фондот, во своето работење односно вршењето на функцијата внимава на евентуален односно потенцијален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

Внимавањето подразбира и спроведување самопроценка на ризикот (Образец број 1), односно постоењето на судир на интереси во вршењето на службените/работни должности, спроведување на постапки и донесувањето на одлуки со кои се одлучува за некаква корист односно погодност.

Службеното лице во своето работење односно вршењето на функцијата треба избегнува да се најде во ситуација да спроведува или да учествува во спроведување постапка или да донесува или да учествува во донесување на одлука со која се одлучува за добивање на каква било корист односно погодност за себе или роднина или друго блиско лице.

**Непристрасност**

Службените лица во Фондот при вршење на своите овластувања, надлежности, работни обврски и задачи треба да работат непристрасно. Приватните односи не смеат да имаат влијание во извршување на службените задачи, при што треба самите да се преиспитаат дали нивните приватни интереси или тие на блиските лица се во судир со службените обврски. Судирот на интереси кој се јавува како резулатат на наведеното, треба веднаш да се разреши.

**Изземање и запирање на постапување**

Кога службеното лице во Фондот ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, треба веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување. За околностите, службеното лице ги

информира претпоставениот, лице именувано за заштита на интегритет и Државната комисија за спречување на корупција.

Кога службено лице ќе се најде во ситуација да учествува во расправа на комисија или слична група во која се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице го пријавува постоењето на приватниот интерес и се иззема пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето. Комисијата на чија седница службеното лице го соопштило постоењето на приватен интерес, тоа го констатира и внесува во записник. Службеното лице се иззема од вршењето на определено дејствие и со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

**Спречување на влијанието на приватниот интерес**

Доколку се појави сомневање за постоење на судир на интерес кај вработен/ангажирана во Фондот, службеното лице ги презема сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот личен интерес или интересот на друго лице врз извршување на неговите овластувања, надлежности и работниу обврски и за тоа пиемено треба да го извести својот претпоставен.

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице ги превзема сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа го известува својот претпоставен.

**Барање мислење**

Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице може да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата и до добивање на мислењето, го запира постапувањето и со тоа го спречува влијанието на неговиот приватен интерес.

**Постапки за вработување**

Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за вработување или унапредување или е вклучено како член на телото што ја спроведува постапка во Фондот е должно да го извести раководното лице во органот, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси.

По утврдувањето на односот на службеното лице со кандидатот за вработување, раководното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерци за спречување на појавата на судир на интереси.

**Постапки за јавни набавки**

Претседателот и членовите на комисиите за јавни набавки како и одговорното лице во Фондот потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси, која претставува дел од досието од спроведена постапка за јавна набавка.

Во случај на судир на интереси кај претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во комисијата за јавна набавка, истите се повлекуваат од работа во комисијата, за што го известуваат одговорното лице и се заменуваат со други лица.

Во случај на судир на интереси кај одговорното лице, истото со посебно решение овластува друго лице од редот на функционерите или раководните службеници кај договорниот орган да ги донесе соодветните одлуки и да го потпишат договорот, за што го известува органот на управување или органот кој е надлежен за контрола на неговото работење.

При спроведување на постапките за јавни набавки, за спречувањето на судирот на интересите во постапките за јавни набавки соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Почитување должности за пријавување, забрани и ограничувања, во функција на спречување судир на интереси**

Службените лица во Фондот имаат обврска да ги почитуваат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, со кои се утврдени ограничувања за вршење на дејност за време на вршењето на функцијата и вработувањето.

Избраното односно именуваното лице:

- за време на траењето на својот мандат ги почитува со Уставот и законите утврдените правила за неспоивост на нивната функција со други функции или дејности.
- истовремено не врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал,
- ја почитува забраната согласно која не може да биде член на управен или надзорен орган во трговско друштво, јавно претпријатие, агенции, фондови и сите други правни лица со доминантен државен капитал,
- доколку управува со трговско друштво или установа како сопственик, управувањето му го доверува на друго лице или тело, освен на членови на своето семејство,
- не воспоставува деловни односи со правно лице, кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство

- во врска со вршењето на јавните функции, овластувања и должности, не склучува договор за спонзорство во свое име

- не склучува договор за спонзорство ниту прима донација во име на ФОД, не поседува удели или акции, ниту користи грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа, што влијае или може да влијае на законското, објективно и непристрасно извршување на јавните овластувања,

- во рок од 30 дена од денот на стапување на функција до Фондот доставува податоци со кои ги пријавува правните лица кои се негова сопственост, во кои има акции и удели или управувачка функција, заради објавување на тие податоци на веб-порталот на Фондот.

- согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во утврдениот рок ја известува Државната комисија за спречување на корупција, за преносот на правата односно поднесената оставка од членство во орган на управување, со поднесување на соодветен доказ,

- во рок утврден со закон до Државната комисија за спречување на корупцијата го пријавува секој промет со државен имот со кој се стапува во правен однос со правно лице основано од него или член на неговото семејство или во кое одговорно лице е член на неговото семејство,

- не ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

<u>Службено лице кое не е избрано односно именувано лице:</u>

- не воспоставува деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство,

- не склучува договор за спонзорство ниту прима донација во име на ФОД, не поседува удели или акции, ниту користи грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа, што влијае или може да влијае на законското, објективно и непристрасно извршување на јавните овластувања,

- не ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

Согласно Законот за Фондот за осигурување на депозити:

- Директорот на Фондот за време на траењето на неговиот мандат, односно работен однос не смее да е член на орган за управување или вработен во банка или штедилница.

**Пријавување имотна состојба и интереси**

Органите на управување во Фондот, директорот на Фондот и членовите на управниот одбор на Фондот, до Државната комисија за спречување на корупцијата ја пријавуваа сопствената имотна состојва и интереси, како и сите промени во имотната состојба и интересите, во рок и на начин утврден со Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Пријавувањето имотна состојба и интереси односно поднесувањето на изјавата за имотна состојба и интереси е лична обврска.

Државната комисија за спречување на корупцијата може да побара од службеното лице кое согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси нема обврска да пријави имотна состојба и интереси да достави изјава, како и да спроведе постапка за испитување на неговата имотна состојба кога постапува по предмет во кое е вклучено тоа лице.

**Дополнителен ангажман на службено лице**

Службените лица треба да информираат за својот дополнителен ангажман од друга институција, компанија или ангажман на одреден проект .

Информацијата се доставува до лицето за интегритет на Образец број 2, составен дел од ова Упатство. Лицето за интегритет ќе го оцени ангажманот, од аспект на тоа дали постои потенцијален судир на интереси при неговото реализирање и ќе го извести директорот на Фондот, а во случај на сомнеавање за дозволеноста на ангажманот од аспект на Законот за спречување на корупција и ќе побара мислење од Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК).

**Советување**

Службените лица во Фондот кои имаат определено прашање или дилема во врска со судирот на интереси можат да се обратат до лицето за заштита на интегритет.

**Забрана за злоупотреба на службени податоци**

Службените лица во Фондот не смеат да оддаваат или користат за лична употреба информации што ги добиле при вршењето на функциите, надлежности, овластувањата, работни задачи врз основа на овој закон и кои се класифицирани со соодветен степен на тајност согласно со закон.

Информациите треба да се чуваат и пет години по престанокот на функцијата, овластување, работни задачи, надлежност, односно престанокот на работниот однос во ФОД.

Службеното лице кое има информации во моментот на преземање на функцијата или овластувањата, потпишува Изјава за доверливост и заштита на информациите при вршење на должноста. На тој начин, со потпишување на изјава за почитување на доверливоста на информациите, службените лица покажуваат заложба и се должни да ја почитуваат и при вршењето на функцијата, односно службената должност, и во периодот по престанокот на функцијата, според роковите утврдени во законодавството кое го регулира судирот на интереси.

Обврската за доверливост на информациите не се однесува на случаи во кои тие информации се откриваат врз основа на овластувања утврдени во овој закон и правосилна судска одлука.

Обврската за доверливост на информациите не се однесува на случаи кога давањето на информации го врши Фондот врз основа на барање од домашен или меѓународен орган со цел да се даде помош во извршувањето на функциите на тие органи.

**IV. Одговорност за непочитување на должностите за пријавување интереси и спречување на судир на интереси**

Прикривањето на постоење судир на интереси од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно закон.
Надлежна институција за поведување постапка за утврдување постоење судир на интереси е Државната комисија за спречување на корупција.
Постапката се поведува:

- по службена должност;
- по барање на службено лице;
- по пријава на друго лице;
- по барање на раководно лице;
- по анонимна пријава.

За утврдување на фактичката состојба и констатирање за постоење на судир на интереси, Државната комисија за спречување на корупција прибира документи, податоци и информации. Службените лица ги доставуваат документите, податоците и информациите со кои располагаат до Државната комисија за спречување на корупција во утврдениот рок. За донесената одлука по иницијатива за покренување дисциплинска постапка, доставена од Државната комисија за спречување на корупцијата во врска со утврдено постоење на судир на интереси, Фондот ја известува Државната комисија во рок утврден со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**V. Завршни одредби**

Во случај кога вработените лица во Фондот имаат сознанија за постоење на судир на интереси, треба писмено да го овластат лицето за интегритет во Фондот.

Доколку лицето за интегритет во Фондот оцени дека има елементи на постоење на судир на интереси, тогаш должно е да постапува согласно одредбите на Законот за спречување на корупција и судир на интереси.
Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

**директор/drejtor**
**Behar Emini**
________________________

Фонд за осигурување на депозити
Fondi për sigurimin e depozitave

Изработил/Përgatiti: Гала Кузмановски
Контролирал/Kontrolloi: Антигона Сефери
Мимоза Чајани
Согласен/Miratoi:Јасминка Мартиновска

Образец број 1

## Самопроценка за судир на интереси

Во случај на сомневање за постоење на судир на интереси во конкретна ситуација, службено лице може да идентификува реален, потенцијален или видлив судир на интереси преку искрени одговори на следниве прашања:

**1.Дали сум службено лице со обврска да избегнувам судир на интереси?**

- ДА - Неопходно е да се земат предвид обврските во однос на судир на интереси
- НЕ - нема судир на интереси

**2.Дали извршувам јавни овластувања/ службени должности во овој момент?**

- ДА - Неопходно е да се земат предвид обврските во однос на судир на интереси
- НЕ - нема судир на интереси

**3. Дали тековната службена постапка за донесување на одлуки предвидува одредена корист?**

- ДА - Неопходно е да се земат предвид обврските во однос на судир на интереси
- НЕ - нема судир на интереси

**4.Дали тековната службена процедура е за одлучување за некаква погодност за мене или за мои роднини или блиски лица?**

- ДА - Може да се најдете во судир на интереси и затоа мора писмено да го информирате вашиот претпоставен (Лицето за интегритет) и ДКСК и да чекате на одлуката. Ако е можно, веднаш штом ќе дознаете за постоење на таква ситуација повлечете се од постапувањето
- НЕ - нема судир на интереси

**Образец 2**

**Известување за дополнителен ангажман на службено лице вработено во ФОД**

Име и презиме на службеното лице:

Работно место во ФОД:

## Известување

Ве известувам дека немам/ ќе имам/имам, дополнителен работен ангажман.

*(доколку има или ќе има дополнителен работен ангажман потребени се понатамошни податоци)*

Ќе имам/имам, дополнителен работен ангажман во:

Назив на правното/физичко лице, за кого се остварува дополнителниот ангажман

Дополнителни информации за овој ангажман се следните:

- Работна позиција: [Назив на позицијата]
- Почетен датум: [Датум на почеток]
- Очекуван краен датум: [Датум на завршување, ако е применливо]
- Работно време: [Број на часови или работни денови]
- Опис на задачите: [Краток опис на задачите и одговорности]

Потпис

# АНЕКС

## Контакт податоци за лицето за интегритет во ФОД

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | Е-МАИЛ | ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ |
|---|---|---|
| | | |